Gender Budget Watchdog Network
for a gender equal region

WITH FUNDING FROM
AUSTRIAN DEVELOPMENT COOPERATION



# Ковид 19 и родот (второ издание)

Брза анализа на превземените и предложените мерки за справување со влијанието на епидемијата од родова перспектива.
Анализата е временски сензитивна со оглед на брзото менување на состојбата.
Изнесените наоди се од 15/04/2020 и ќе бидат тековно надополнувани.

Главни пораки:

- **Ковид 19** е катастрофален за феминизмот. Воведените мерки влијаат на устоличување на родовиот стереотип дека улогата на жената е да се грижи за домот и семејството.
- Буџетот има централна улога во справувањето со вирусот, но ниту една од воведените мерки немаат родова анализа.
- Заради вонредната состојба и распуштеното Собрание, надзорот и независната проверка на трошењето на јавните пари од страна на јавноста и граѓанските организации е ограничена, па оттаму Владата со секоја мерка треба да доставува детална документација за проценка на состојбата, мерките, влијанието врз мажите и жените и колку истите ќе чинат.
- Потребна е забрзана реализација на буџетот со кој се обезбедуваат јавно здравствените мерки и набавката на ресурсите за заштита, за што може да се користат и буџетите на општините кои треба да минат низ ребаланс врз основа на детални проценки. Мерките кои ќе се вклучат треба да бидат насочени кон потребите на мажите и жените, но и да не влијаат кон создавање на поголема родова нееднаквост.

Придонес кон оваа анализа дадоа Радар, ЕХО - Штип, Гласен текстилец, Рурална Коалиција, Движење против хендикеп Полио плус и Националната мрежа за борба со насилството врз жените и домашното насилство.

CRPM Center for Research and Policy Making …policy impact since 2004
РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА KOALICIONI RURAL
exo
ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ
Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство

**Одговорот на Ковид 19** има потенцијал да биде катастрофален за феминизмот. Целопкупното јакнење на жените за нивно подеднакво вклучување во општествените, економски и политички текови, споделените обврски и улога со мажите во семејството, домот и општеството, како и еднаквите можности, за што со децении вложувавме, се намалуваат и можат да исчезнат во текот на кризата. Она што го гледаме во земјата откако се воведени мерките е доминација на родовиот стереотип дека улогата на жената е да се грижи за домот и за семејството.

Додека нашата Влада се бори со невидливиот непријател, со буџетскиот дефицит непредвиден пред епидемијата, со сопрената потрошувачка и запрениот процес на производство и заработка, жените се на прва линија во битката со вирусот како лекарки, медицински сестри, болничарки, хигиеничарки, но и дома, каде во услови на самоизолација и ограничено движење го превземаат најголемиот дел од работата во домаќинството (пазарење, готвење, оддржување на хигиената). Дополнително, ја имаат и улогата на едукаторки заради преминот кон *онлајн* образование потпрено на стожерот - родителска поддршка во учењето и извршување професионални обврски од домот (нивната платена работа во услови на пандемија).

Оваа криза во огромна мера ја прикажа родовата нееднаквост. Иако политичарите ни велат дека не е време за ништо друго освен итен одговор на кризата, организациите кои се членки на Мрежата која ги користи алатките за родово одговорно буџетирање во следењето на Владата за тоа како се трошат јавните пари, во соработка со партнерските мрежи како Националната мрежа за борба против насилството, укажуваат на следните родови аспекти на кризата и посочуваат на Владата, локалните самоуправи и меѓународните организации во земјава начини како да ги намалат негативните влијанија врз родовата еднаквост во процесот со справување со **Ковид 19**.

# Осврт кон родовата анализа

## Буџет

**Буџетот игра централна улога во одговорот на власта на јавно здравствениот проблем**. Се формулираат мерки кои овозможуваат зајакнување на здравствениот сектор за истиот да пружи ефективна заштита од ширење на вирусот и лечење на заболените. Се формулираат и мерки кои ќе ги намалат и економските последици.

Она што мрежата на невладини организации која го следи буџетот од родова перспектива го забележа е дека ниту една од овие мерки немаат родова анализа, а со тоа и буџетот кој се алоцира за справување со **Ковид** 19 не е родов буџет. За разлика, на пример во Франција, предлогот на Владата со мерки за справување со вирусот беше спроведен со предлог промена на законот за финансирање кој пак беше презентиран заедно со документ од 44 страници кој содржи 4 главни делови: извештај за економската и буџетската состојба во моментот, проекции за следниот период и влијанието на вирусот, предлог модификации на буџетот и образложение зошто истото се бара, пропратено со анализа на секоја програма која се изменува, рамка за нејзино спроведување и индикатори за мерење на извршувањето. Во додатокот кој го презентираа француските власти се содржат и т.н. "жолти страници" каде детално се објаснува влијанието на предлог финансиската рамка врз родовата еднаквост. Зошто ваква анализа и образложение ни се потребни? Затоа што додека одлуките донесени во вонредната состојба од страна на Владата се јавни, со распуштено Собрание и со уредби со законска сила, можностите за надзор врз работата на Владата се намалени, но и влијанието и придонесот на јавноста (вклучително НВО секторот) е невозможно. Оттука, **многу е важно Владата да изнајде начин како да ја консултира јавноста и заинтересираните страни при креирањето на мерките, но и да даде детални објаснувања и проценки зошто ги носи мерките, врз кого тие ќе влијаат и какво влијание ќе имаат врз мажите и жените**.

Мрежата на НВО кои ги користат алатките за родово одговорно буџетирање бара Владата да објавува детални документи кои ќе ја презентираат состојбата, проценката на идниот развој, мерката како одгвоор на таа состојба и нејзиното влијание врз мажите и жените, како и средствата кои се алоцирани за спроведување. Овие документи треба да содржат:

- Проценка на чинењето на мерките;
- Објаснување за кратењето на буџетот, реалокациите; и
- Објаснување на мерките како и нивното влијание на мажите и жените.

Сето ова ќе овозможи надзор и независна проверка на трошењето на јавните пари од страна на јавноста и граѓанските организации, а тоа е еден од главните столбови на демократијата. Исто така од особено значење е да се оддржи финансирањето на активности и организации кои работат на унапредување на родовата еднаквост и намалувањето на негативното влијание на кризата врз родовата нееднаквост. Затоа мрежата на организации кои ги користи алатките на родово одговорно буџетирање во следењето на трошењето на јавните пари од страна на Владата многу сме вознемирени од одлуката на Владата да пренамени 5 милиони денари за родова еднаквост од Министерството за труд и социјална политика со одлука на 9ти април, 2020 година[1].

Бидејќи сите, а особено жените заради родовата поделба во професиите, се ранливи во кризата, **многу е важно Владата да обезбеди ресурси за заштита, преку брза постапка за реализација на буџетот**. Тука спаѓаат сите оние кои работат во услужниот сектор и се на прва линија во борба со вирусот, пред сѐ здравствените работници, лекар/ки, сестри, болничар/ки, лаборант/ки и чистач/ки, а потоа и оние кои работат во секторите од каде набавуваме неопходни производи за живот како продавач/ки, касиер/ки, аптекар/ки, фармацевт/ки итн.

Под ресурси се подразбира не само неопходните респиратори и лекови потребни за лечење на болните, туку и заштитен материјал како што се маски, ракавици, визири, скафандери, каљачи, гелови за дезинфекција, сапуни и сл. Буџетот за овие средства мора да биде реализиран рапидно. Некои земји, како на пример Кина, во справувањето со кризата овозможи поголема флексибилност во реализацијата на буџетот заради обезбедување на потребните ресурси. Дополнително, на 31-ви јануари 2020 година, Кина издаде наредба до локалните власти преку своите одделенија за финансии да го забрзаат купувањето на ресурси (опрема, заштитен материјал и лекови) за тие што побргу да стигнат до граѓаните, болниците, и до останатите корисници, овозможувајќи притоа и „брза лента“ во исплатите за да се задоволат потребите навреме[2]. Од приоретизирањето и алокацијата на средства од буџетот, како и навременото

[1] Одлука за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите (Службен весник на РСМ бр.97/2020 од 9 април 2020 год.)

[2] WHO (2020), How to budget for COVID-19 response? A rapid scan of budgetary mechanisms in highly affected countries, available at https://www.who.int/docs/default-source/health-financing/how-to-budget-for-covid-19-english.pdf?sfvrsn=356a8077_1

плаќањето за овие ресурси, несомнено ќе зависи дали ќе се справиме со кризата поефективно и за пократко време.

Буџетите на локалните самоуправи мора да се стават во служба на справување со вирусот и негативните ефекти што истиот ќе го има врз ранливите категории луѓе. Не сите граѓани во земјава имаат дом, или пак пристап до вода за да можат да се придржуваат кон препораките на Министерството за здравство. Локалните самоуправи мора да обезбедат место и услови, но и да доставаат вода и хигиенски материјал онаму каде е потребно. Долгите временски периоди на ограничено движење и севкупното замирање на економијата ги погодуваат сите, а најмногу екстремно сиромашните и општествено исклучените мажи и жени. Општините мора да обезбедат достоинствен живот за сите и задоволување на основните потреби како засолниште, храна и облека. Затоа е потребен итен ребаланс на буџетите на општините. Ребалансот мора да се направи на основа на детални проценки, а мерките кои ќе се вклучат да бидат насочени кон потребите на мажите и жените и да не влијаат кон создавање поголема родова нееднаквост. Конечно, мерките освен за справување со новонастаната состојба, треба да бидат насочени и кон подготвка на општините и стопанството да продолжат да живеат понатаму и по укинувањето на рестриктивните мерки, но во услови на постоење на вирусот сè до изнаоѓање на вакцина. Тоа значи издвојување средства за развој на безбедносни протоколи, заштитни средства, обука за спроведување на протоколите, надзор во примената и слично. Во таа смисла ќе биде потребно и зголемување на обемот на услугите на јавниот превоз со цел проретчување на густината на лица кои се превезуваат заради намалување на ризикот од зараза, како и нов начин на организација на јавните услуги и јавните места (паркови, пазари и сл.).

Конечно, локалните буџети треба да вклучат средства за обезбедување заштита и дезинфекција на невладините организации кои доставуваат услуги, како на пример психо-социјална поддршка за жени жртви од семејно насилство или обезбедуваат времено сместување на жртвите. Ваквите услуги ги доставуваат најчесто женски организации кои работат на повик и во домовите на жртвата, па затоа имаат и поголем ризик за изложеност на вирусот. Се јавува и потреба да се обезбедат обуки за пристап и заштита на личните асистенти за лицата со хендикеп како и начините за работа помеѓу личните асистенти и самите лица со хендикеп додека трае епидемијата заради тоа што истата станува неефикасна.

Кризата ги засегна сите граѓани, но неминовно последиците и мерките различно ќе се одразат на различни луѓе и професии. Во анализата од родова перспектива на првиот пакет мерки кон која може да

пристапите тука, Центарот за истражување и креирање политики - ЦИКП веќе даде препораки, од кои дел Владата ги прифати[3], разви мерки и ги спроведува. Во оваа анализа, даваме осврт на вториот пакет мерки и коментар на влијанието на истите врз неколку категории лица: земјоделци/ки; работници/чки во текстилната и кожарската индустрија; лица со посебни потреби и жртви на насилство.

## Економски мерки

Владата досега презеде низа мерки за справување со кризата, кои се сумирани и прикажани во табелата подолу. Мерките се однесуваат на директно справување со здравствената криза, како итна набавка на респиратори, но и на справувањето со последиците од економски и социјален аспект.

[3]Отворенае телефонска линија за поддршка на бремени жени, продолжено е платеното породилно отсуство до истекот на вонредните мерки; отворена е веб страна за најчесто поставувани прашања за корона вирусот и бременоста: http://zdravstvo.gov.mk/najchestite-postavuvani-prashanja-za-koronavirusot-i-rizicite-vo-bremenosta/;енергетскидодатокзамесецитеаприл и мајза корисницитевосистемотнасоцијалназаштита; децатаодсемејствабезилисонискиприходи ќе продолжат да добиваат детски додаток и без потврда за образование за третиот  и четвртиот мерен период з аучебната 2019/2020 година.

| Даночни одложувања и намалувања | Финансиска поддршка за компаниите и заштита на ликвидноста | Заштита на животниот стандард | Ликвидност на државниот буџтет | Социјална заштита | Здравствена заштита | Детска заштита |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Суспендирање на аконтациите за данок на добивка за март, април и мај - https://bit.ly/2VkCReh<br><br>Суспендирање на аконтациите за данок на личен доход за март, април и мај за обврзниците кои остваруваат доход од самостојна дејност во одредени дејности - https://bit.ly/3b8NPdO<br><br>Укинување на царините за медицинска опрема - https://vlada.mk/node/20686 | Субвенционирање на 50% од трошоците за придонеси за април, мај и јуни (макс. до 50% од просечната плата за јан. 2020) - https://bit.ly/2Rs6rgQ<br><br>Субвенционирање на 14.500 денари по вработен за април и мај за сите фирми - https://bit.ly/3ccKv14<br><br>Обезбедување кредити во износ од 13.7 милиони без камата преку Развојната банка на Македонија за микро, мали и средни претпријатија од најпогодените сектори - https://www.mbdp.com.mk/mk/vesti/596-1-2 | Замрзнување на цените на основните продукти - https://vlada.mk/node/20544<br><br>Овозможување на банките, финансиските друштва и лизинг копманиите да извршат реструктуирање на кредитите - https://bit.ly/3ei5p0D https://bit.ly/2xlfWre https://bit.ly/3a5aFkW<br><br>Финансиска поддршка за спортисти во износ од 14.500 денари во април и мај - https://bit.ly/2JV6RIz | Сите избрани функционери и ќе примаат плата од 14.500 ден во април и мај 2020 - https://bit.ly/2JZv5Bi<br><br>Претседателите и членовите на управните и надзорни одбори нема да примаат надомест - https://bit.ly/2Rw43G5<br><br>Отворања солидарен COVID-19 фонд за примање донации<br><br>Задолжување кај | Одложување на плаќањето закуп за корисниците на социјални станови Воведување на паричен додаток од 1000 ден за трошоците за енергенси во домаќинството за април и мај 2020 - https://bit.ly/2V2JnaG Олеснување за брз влез во системот на неформални работници и други за добивање минимална гарантирана помош врз основа на вкупната висина на сите приходи на сите членови на домаќинството, сметано од последниот месец, наместо досегашните три. - https://bit.ly/2V2JnaG Асистенција за лицата со попреченост и старите лица во 27 општини за полесно справување со | Интервентна набавка на 200 респираторни машини - https://bit.ly/3a3Rt7k | Олеснет пристап до правото за детски додаток и продолжени рокови за поднесување на барањата за остварување на право на еднократна парична помош за новороденче, за остварување и продолжување на право на родителски додаток за трето дете, за продолжување на правото на родителски додаток за четврто дете. - https://bit.ly/3b7kUGQ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Обезбедување 50 милиони евра кредити со ниска каматна стапка од околу 1.5% преку Развојната банка на Македонија и Европската инвестициона банка за мали и средни претпријатија, преку деловните банки - https://bit.ly/3ccVIPq<br><br>Туристичките агенции се задолжуваат да издадат ваучер за откажани аранжмани со траење до 31.12.2021 - https://bit.ly/2XubaCo | Намалување на затезната камата, забрана за извршување и стечај - https://bit.ly/2VzZTOH https://bit.ly/2V2pC32 https://bit.ly/2RtNOJo | странски кредитори, планирани 580 милиони евра - https://vlada.mk/node/20650 | кризата со вклучување на 200 невработени како испорачувачи на услугите - https://bit.ly/2Xu9jxq Паричен надоместок во висина од 50% од просечната месечна нето плата на работникот за последните 24 месеци. Право на паричен надоместок има невработено лице што било во работен однос најмалку 9 месеци непрекинато, или 12 месеци со прекин во последните 18 месеци, пред престанокот на работниот однос - https://bit.ly/2Xv2qfA Породилното отсуство се продолжува до истекот на времените мерки за заштита од ширење и превенција од COVID-19 - https://bit.ly/2JXEPMn | | https://bit.ly/2y8e70W |

Дел од економските мерките беа пречекани како олеснување на граѓаните и компаниите, но исто така голем број граѓани, компании и интересни групи (комори и сл.) реагираа дека мерките се задоцнети, недоволни и/или збунувачки. Во вакви услови, многу е тешко да се направи родова анализа, дотолку повеќе што ниту една од мерките не беше презентирана детално, без проценка колкав ќе биде опфатот на мерката, ниту кои ќе бидат корисниците.

**Мерките за некои сектори се задоцнети.** Иако кризата брзо се развиваше и не остави премногу време за реакција, сепак „Гласен текстилец“ реагира дека мерките можеа да бидат понавремени и проследени со соодветна инспекција кон работодавачите дали истите се почитуваат. На пример, угостителската, текстилната и чевларската индустрија последиците ги почувствуваа многу побрзо од другите. Конкретно, веќе во март во овие сектори имаше преку 1000 регистрирани отпуштања, а фактот што Владата за искористување на мерките наложи бројот на вработени да биде задржан со состојба 31.03.2020, што е веќе 20-тина дена после развојот на кризата и истото го најави две седмици пред овој рок, им даде поттик на голем број работодавачи да го сведат бројот на вработени што е можно помалку пред да аплицираат за користење на помошта. Според оваа организација, најзасегнати се работничките со договори на определено време (најчесто на 1 месец, кој постојано им се обновува), меѓутоа има и пример каде работничките се принудени да потпишат спогодбено раскинување на договорот за работа, а во спротивно се одјавуваат под изговор дека 3 дена последователно не доаѓаат на работа. До „Гласен текстилец“ до сега се пријавени отпуштања на 465 работнички од текстилната индустрија и 260 работнички од кожарската и индустрија за производство на чевли.

**Иако се насочени да ја овозможат ликвидноста на компаниите, во недостаток на идна економска сигурност, мерките долгорочно ја загрозуваат истата**. Имено кај мерката која се однесува за субвенционирање на половина просечна плата (мерката од 14.500 денари бруто плата) и субвенционирањето на придонесите кај алтернативата на оваа мерка, временскиот период на кој се однесува се месеците Април и Мај (за првата) и Април, Мај и Јуни (за втората мерка), а притоа како дополнителен услов се бара приложување доказ дека приходите на компанијата во Април се намалени за 30% од месечниот просек на претходната година. Ова значи дека во најдобар случај, компаниите би ја добиле помошта во Мај, а притоа приходи немаат од Март, 2020 година. Истовремено, се обврзуваат да ги задржат истите обврски (број на вработени) до септември 2020 година, иако нема

сигурност дека економски ќе се вратат на истиот обем на производство како пред кризата. Сите најави се дека рестриктивните мерки може да се намалат, но не и да се вратиме на *business as usual*. Мерката за исплата на финансиска помош за лицата кои самостојно вршат дејност во износ од 14.500 денари исто така се однесува само за периодот Април -Мај, а може да се аплицира за средствата по Април 2020 година, со доказ дека просечниот месечен приход на дејноста е намален за 30% споредено со претходната година. На пример, еден козметички салон кој со работа има целосно затворено од 18.03.2020, најрано што може да очекува финансиска помош е после 40-50 дена од овој датум. За споредба, Германија исплати рапидно, во рок од една седмица и тоа еднаква сума на финансиска помош на сите самостојни вршители на дејност како најранлива категорија во нејзината економија.

**Препораката за работа од дома, според Полио плус може да ја спроведат едвај 1% од лицата вработени во заштитните фирми.** Ако во државава имаме 15 % лица со хендикеп, согласно последните податоци од Заводот за статистика, со ова мерка се опфатени само 2.014 лица. Од нив 702 се жени со хендикеп, додека само 2 лица со хендикеп работата од дома, од кои една е жена со хендикеп. Останатите лица секојдневно одат на работа, а нивната специфична состојба и потреби ја ограничуваат можноста да ги спроведат останатите мерки за превенција и заштита.

**Според Полио Плус голем дел од лицата со хендикеп останаа без економски надоместоци поради мерките за неодење на работа со што непосредно се изложени на сиромаштија и без никаква социјална сигурност,** што претставува повреда на Член 24 од Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп.

Исто така треба да се земе предвид дека само 1% од заедницата со хендикеп се корисници на паричните додатоци согласно Законот за социјална заштита (додаток за попреченост и туѓа нега) поради медицинскиот пристап на категоризирање на лицата со хендикеп. Оваа мерка особено има негативно влијание на жените кои се давателки на туѓата нега и кои како и нивните семејства, останаа без дополнителниот семеен прилив кој претходно го остваруваа. На овој начин, нивната работа за грижа која претходно имаше вредност, стана неплатена работа.

**Дел од жените земјоделки се носителки на семејни земјоделски стопанства, а нивните агро-бизниси во моментов трпат поради зголемените обврски во домот заради грижата за децата и постарите лица**. Во време на криза, жените се мнозинство

од тие кои пружаат грижа, вклучувајќи платена грижа како здравствените работници, но и неплатена како грижата за семејството и домаќинството. Жените превземаат товар со мерките за затворање на училиштата и градинките, но и грижа за постарите родители, во услови на изолација и ограничено движење. Жените превземаат и мерки за дезинфекција и хигиена во домот и оттаму се значајна алка во системот на превенција. Затоа „Рурална коалиција" смета дека се потребни мерки со кои дополнително ќе се поддржат жените кои се носителки на семејните земјоделски стопанства како особено ранливи и тоа преку мерката 115.

Иако според ДЗС околу сто илјади лица се во неформалната економија, од кои третина се жени, Владата предвиде минимална гарантирана помош за Април и Мај за семејствата кои останале без приходи[4], со што не се спречува неформалниот труд, ниту се обезбедува минимална заработка за преживување во услови на загрозено јавно здравје заради **Ковид** 19.

| **Табела 2: Неформална економија** | **2016** | **2017** | **2018** |
|---|---|---|---|
| Мажи | 90071 | 88749 | 94880 |
| Жени | 43706 | 45536 | 45945 |
| Мажи | 67.3% | 66.1% | 67.4% |
| Жени | 32.7% | 33.9% | 32.6% |

*Извор*: ДЗС, 2019

[4]Ќе се утврдува врз основа на вкупната просечна висина на сите приходи на сите членови на домаќинството по сите основи сметано само од последниот месец, наместо досегашните тримесеци.

## Социјална исклученост

**Мерките за превенција и заштита од Ковид 19 не се прилагодени за дел од лицата со хендикеп поради фактот што не се обезбедени услови за нивно целосно почитување од страна на лицата со хендикеп, со што се изложуваат во поголем ризик на вирусот во споредба со останатите граѓани.** Имајќи предвид дека вирусот се задржува на површините (вклучително и асфалт) повеќе часови и се препорачува да не се носат исти чевли (или количка) изложени на надворешни влијанија или по дома, треба да се знае дека дел од лицата со хендикеп имаат само еден пар чевли кои ги користат како по дома, така и за надвор. Исто така во поголем ризик за своето здравје, но и на оние кои живеат со нив во нивниот дом, се изложени и лицата во количка.

**Освен преводот на знаковен јазик за време на прес конференциите на Владата, информациите пренесувани од страна на медиумите и вестите се во непристапни формати** со што голем дел од лицата со хендикеп повторно остануваат исклучени од информирањето за превенција и заштита на нивното здравје, но и за мерките за справување со кризата од страна на иснтитуциите на државата. Се препорачува прес-конференциите да вклучуваат и титлувани информации или пак вестите да споделуваат главни пораки од прес-конференциите кои ќе бидат титлувани заради тоа што не сите лица со посебни потреби го разбираат знаковниот јазик.

Мерките за ослободување од работа и издавање потврди од страна на градинките не ги опфаќаат жените земјоделки и жените неплатени семејни работнички. Со затварањето на градинките, нивното преживување се става во ризик бидејќи грижата за децата влијае на нивната (иако неплатена) работа. Ова особено важи за жените кои живеат во селските средини и кои се бават со земјоделска активност од која преживуваат. Рурална коалиција смета дека истите треба да влезат забрзано во системот на регистрирани земјоделц(к)и за да можат системски да се поддржат.

| Табела 3: неплатени семејни работници | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| Вкупно | 740648 | 450261 | 290387 | 759054 | 458505 | 300549 |
| Вработен | 564964 | 331327 | 233637 | 579668 | 337403 | 242265 |
| Работодавец | 33239 | 25769 | 7470 | 32290 | 24563 | 7727 |
| Вработензасопственасметка | 95475 | 77948 | 17527 | 101002 | 80640 | 20363 |
| Неплатенсемеенработник | 46970 | 15217 | 31753 | 46094 | 15900 | 30194 |
| Вкупно | 100 | 60.8 | 39.2 | 100 | 60.4 | 39.6 |
| Вработен | 100 | 58.6 | 41.4 | 100 | 58.2 | 41.8 |
| Работодавец | 100 | 77.5 | 22.5 | 100 | 76.1 | 23.9 |
| Вработензасопственасметка | 100 | 81.6 | 18.4 | 100 | 79.8 | 20.2 |
| Неплатенсемеенработник | 100 | 32.4 | 67.6 | 100 | 34.5 | 65.5 |

*Извор*: ДЗС, 2019

**Посебна ранлива категорија која е целосно изоставена од мерките и препораките се жртвите на семејно насилство, односно жени и деца кои се под голем ризик на семејно насилство**. Освен известувањето на Министерството за труд и социјална политиката[5] упатено до жртвите на родово засновано насилство и семејно насилство, каде што се наведуваат броеви за пријавување насилство, ниту една итна мерка не е воведена ниту предложена за оваа посебно категорија ранлива граѓанки.

## Исклучоци од мерката ограничено движење

Сите не сме исти, немаме исти потреби и затоа е потребно за некои од нас да има исклучок од мерката ограничено движење или популарно наречениот „полициски час". Имено Националната мрежа за борба против насилството врз жените и домашното насилство побара **жените жртви и нивните деца кои го напуштаат домот поради закана и непосреден ризик**

[5] http://mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-zrtvite-na-semejno-nasilstvo-covid19.nspx

**од насилство да не бидат санкционирани заради прекршување на мерката.** Мерките за полициски час и останување во домот треба да вклучуваат исклучоци и за сторителите на семејно насилство кои во услови на ваква вонредна состојба мора да се отстранат од домот и да бидат приведени, притворени или сместени на друга локација. Министерството за внатрешни работи треба ургентно да одговори на оваа потреба.[6]

Во време на продолжен полициски час **лицата кои обезбедуваат медицинска заштита и патронажните служби потребно е континуирано да ја доставуваат услугата** до лицата со хендикеп кои имаат пропратни здравствени проблеми. **На родителите на лицата со хендикеп кои се во повозрасни години треба да им се дозволи исклучок од мерката за ограничено движење** заради тоа што не стигнуваат во период од само два часа во текот на денот да обезбедат набавка на потребните намирници, како и да направат одредена медицинска рехабилитација која е неопходна за одржување на состојбата на хендикеп.

**Контакт:**

За родов буџет - Марија Ристеска risteska@crpm.org.mk

За жени во текстилна и кожарска индустрија – Кристина Ампева glasentekstilec@gmail.com

За рурални жени – Лилјана Јоноски liljana.jonoski@gmail.com

За лица со посебни потреби – Елена Кочоска elena@polioplus.org.mk

За жртви на насилство – Елена Димушевска dimushevska@glasprotivnasilstvo.org.mk

За услуги за жени жртви на домашно насилство – Бети Пејева beti.eho@gmail.com

[6] https://mvr.gov.mk/vest/11716?fbclid=IwAR15GR8cXSWvx8s4ldP08zNIMTqu_ezXcaXb4nuTmjavgwWVgI0K1enV2sM